

# ВТОРОТО ХРИСТОВО ДОАЃАЊЕ

**„Да не се вознемирува вашето срце! Верувајте во Бога и верувајте во мене! Во домот на мојот Отец има многу станови. Ако не беше така, јас ќе ви кажев. Туку одам да ви приготвам место. А кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам кај себе, за да бидете и вие таму каде што сум јас“ - Исус**



Современиот човек, со просечна култура и образование, мошне малку знае за второто Христово доаѓање. Мислата за можниот крај на сегашниот поредок на работите нема место во умот на човекот на нашето време кој, под влијание на модерниот начин на живот, не сака да размислува за суштинските прашања на човековото постоење и за смислата на иднината на човештвото. Во рамките на новиот филозофски начин на размислување не може да се вклопи мислата за второто Христово доаѓање, зашто таа навидум е надвор од секое разумно сфаќање на човечките феномени. Имено, сите што веруваат во Бога и во конечна победа на вистината се нарекуваат мистици, луѓе кои немаат смисла за логика, или луѓе кои „не стојат цврсто“ на земјата. Некои се обидуваат нив да ги наредат во определени психолошки групи. Може да се слушне прашањето: „Зар е можно сè уште да постојат луѓе кои веруваат во такви бесмислици?“ Тие сметаат дека треба да се верува во човекот и во неговите умни способности при решавањето на проблемите на човештвото. Треба да се верува дека човекот во својот гениј ќе успее да најде доволно сили да воспостави мир на земјата, да ги нахрани гладните, да ги напои жедните со вода за пиење и да пронајде лек за умните и физичките болести на човекот. Војните ќе престанат, на земјата ќе завладеат мир и среќа и таа ќе стане рај без да се заплетка некоја натприродна божествена сила. Верата во Бога и во неговото провидение во човечката историја е чист производ на човечката душа соочена со земните неприлики - тврдат овие мислители.

# ПОГРЕШНИ СФАЌАЊА
## *за второто Христово доаѓање*

Поради нерешливите тешкотии, некои сметаат оти човекот морал да „измисли“ еден поубав свет и Бог во него. Второто Христово доаѓање е само плод на една таква „измислица“. Оние што се обидуваат да пронајдат компромис меѓу таквиот став и библиското откровение, прибегнуваат кон различни погрешни претпоставки за второто Христово доаѓање.

Може ли современиот човек да верува во второто Христово доаѓање?



**1** Верниците на некои религиозни средини сметаат дека ние сега живееме во периодот на милениумот опишан во Откровение 20,1-10. Врз основа на наведениот текст, тие религиозни мислители сметаат дека Исус Христос на крстот го победил и го

врзал сатаната. Од тогаш, според нивното мислење, Тој владее на земјата преку својата видлива Црква. Всушност, крај ќе претставува судниот ден и преминот во вечноста. На тој начин, во тие религиозни средини, науката за славното враќање на



Библијата е една, но луѓето различно ја толкуваат!

божествениот Спасител престанала да биде жива надеж на верниците. Како да се верува дека сатаната веќе дваесет векови е врзан и спречен да ги искушава верниците, кога сме сведоци на неговото беззаконие, кое е поголемо од кога и да е порано во историјата?

2 Други верници, под влијание на „научното“ мислење, ја прифатиле мислата за еволуција на човештвото. За нив описот на создавањето на светот во Библијата е легенда, додека падот на човекот во грев е само еден мит. Човештвото непрестајно напредува. Со напорите на Црквата светот се менува на подобро. Активно ширејќи ја религијата, особено социјалната и моралната пропаганда, верниците ќе ги отстранат причините за човечката беда и несреќа. Војните ќе бидат запрени со соработка на црквите од различни земји и со движењето на пацифизмот. И кога „квасецот“ на евангелието ќе навлезе во сите пори на тестото, сите луѓе на светот ќе станат христијани. Луѓето со својата побожност Христа ќе го сторат цар на своето срце и така сами ќе го воспостават Божјето царство на земјата. Во тие услови не е потребно Христос телесно и во слава да дојде по втор пат на овој свет. Впрочем, Христос се вратил духовно на Дуовден, кога го излеал Духот врз своите ученици (Дела 2,1-4). Тој исто така се враќа при смртта на секој свој следбеник да ја земе душата на верникот кај себе. Тоа е единствен начин на кој се очекува неговото второ доаѓање - тврдат оние кои сакаат да го помират библискиот и еволуционистичкиот став.

3 Трети се оние што веруваат во библиската наука за второто Христово доаѓање. Некои носат дури и име „чекатели на второто Христово доаѓање“. Тие со право го истакнуваат фактот дека славното доаѓање на Спасителот на светот ќе настапи наскоро и дека заради тоа е неопходно да се приготвиме за тој ден на таа космичка средба. Да бидеме свесни за фактот оти живееме во времето кога знаците на второто Христово доаѓање буквално се исполнуваат.

## ЗНАЦИТЕ
### *за приближување на крајот на светот*

Да се обидеме сосема реално да размислуваме за вистинската современа состојба на светот во кој живееме. Сметам дека е непотребно да се зборува за немоќта на науката успешно да се справи со проблемите на овој свет. Наспроти многу позитивни и корисни откритија, науката неминовно човекот го води во состојба на самоуништување. Поради тоа, денеска меѓу научниците е општо прифатен фактот дека крајот на нашата цивилизација е наполно можен и тоа во мошне блиска иднина. Земете кое било научно списание или книга и мошне брзо ќе пронајдете „алармантни“ вести. Еве само неколку примери:

Научникот по име Мореи (Мореиц) кажува дека денешната наука е немоќна да го одреди точниот датум на крајот на нашиот свет. Меѓутоа, она што може да го потврди е дека земјата некогаш не постоела и дека во блиска иднина човештвото ќе исчезне од нејзиното лице. Писо Велс (Pisoe Wells) пишува дека светот се добрал до својот крај. Крајот на сето она што го викаме живот не може да биде избегнат. Нема можен начин на кој би ја заобиколиле катастрофата. Тоа е крај - тврди научникот.

Такво било и уверувањето на Алберт Швајцер (Albert Schweitzer) и



„Крајот на сето она што го викаме живот не може да биде избегнат.“

на Алберт Ајнштајн (Albert Einstein), на кои денеска им се придружува мноштво мислители од

сите краишта на светот. Нивните мислења се засновани на цврсти факти. Тие зборуваат за пет проблеми кои му се закануваат на човештвото и кои, ако не се пронајде лек за еден краток период, можат да предизвикаат гигантска катастрофа наречена - конечна смрт на човештвото. Тие проблеми се:

❶ **Демографска експлозија** на населението. Се смета дека на почетокот на нашата ера нашата планета ја населувале околу двесте до триста милиони луѓе. Во 1650 година бројот пораснал на петстотини милиони. Во 1850 на една милијарда, додека во 1930 година - премината е границата од две милијарди жители. Само во текот на последните десет години бројот на населението пораснал за петстотини милиони. Бројот на жителите на земјината топка расте за околу шеесет милиони жители годишно.



Бројот на жителите на земјината топка расте за околу 60 милиони годишно.

❷ Тесно поврзан проблем со демографската експлозија на населението е **проблемот на гладот**. Во својот есхатолошки говор на Маслинската гора Исус претскажал глад како еден од знаците за приближување на крајот на светот (Матеј 24,7). Денеска немаме доволно храна за две третини на човештвото. Логично е да се верува оти паралелно со развитокот на научните достигања и со високата цивилизација со која се гордееме, да биде решен и проблемот на гладот. Во едно списание, кое зборува за проблемите на Светската здравствена организација, стои напишано дека човештвото се наоѓа во прегратките на хиперглад кој не може да се спореди со ниту еден период од човечката историја. Во Африка, Азија и Латинска Америка милиони човечки суштества страдаат од недоволна исхранетост. Секоја година бројот на гладните, на кои им се заканува смрт, се зголемува за неколку милиони. Кои се причините за овој проблем, најтрагичен кој кога било се исправил пред човештвото? Како може да се избегне оваа светска катастрофа? - се прашува споменатото списание.

Речиси секојдневно можеме да читаме за стотици и илјадници жртви на глад во денешен Судан, како и во други африкански и азиски земји. Во светот производството на храна секоја година се зголемува. А со глад, главно во земјите во развој, се борат околу осумстотини милиони луѓе, додека четириесет милиони годишно умираат. Во Судан, поради големи суши и војни, милиони луѓе буквално се борат за опстанок во животот.



Загадувањето сериозно го загрозува здравјето на човештвото.

❸ **Загадувањето** на водата и воздухот, на храната и на другите животно важни елементи е секојдневна појава. Чист кислород во воздухот има сѐ помалку. На светскиот пазар годишно се појавуваат околу илјада нови хемиски препарати што се користат за конзервирање на храна. Така постојано се зголемуваат нитратите и нитритите во храната. Мошне тешко е да се следи тој вид труење, зашто последиците не се јавуваат веднаш, како што е тоа случај со труењето со храна загадена со микроби. Загадувањето на животните елементи сериозно го загрозува здравјето на човештвото.

❹ **Ново усовршено оружје**. Во својата книга „Човечката глупост“, Жул Мош (Jules Moch) ја истакнува таа страшна прогресија. Тој кажува дека во периодот од 1940-1945 на територијата на Германија се фрлени околу еден и пол милион класични бомби. За да се уништи населението на Франција, би биле потребни двесте милиони класични бомби, или шест илјади атомски бомби или само петнаесет хидрогенски бомби.

Во 1955 година Алберт Ајнштајн на италијанските научници, кои работеле на усовршување на нуклеарната бомба, им изјавил дека зад ѕидовите на тајните забрзано се усовршуваат средства за колективно уништување. Ако се постигне таа цел, труењето на атмосферата со радиоактивни честички, а потоа уништувањето на секој вид живот на земјата влегува во областа на техничките можнос-

ти. На крајот од тој пат сосема јасно се забележува спектарот на општо уништување. Не можеме да престанеме постојано да го предупредуваме светот. Ние се лизгаме кон катастрофа без преседан. Неопходен е нов начин на мислење за човештвото да преживее. Во овој решавачки и тежок миг, јас со сета сила ќе викам, зашто се плашам од гигантска глупост! - вели Ајнштајн.



Оружјата за масовно уништување стануваат сè помоќни.

Во споменатиот пророчки говор, Христос претскажал појава на беспоштедни војни со следните зборови: „Зашто ќе се дигне народ против народ и царство против царство...“ (Матеј 24,7).

**5 Умна и духовна смрт на човекот.** Ова е најголем, најтежок и неразрешлив проблем на човештвото. Во човечкиот ум настапило такво изопачување, нарушување и болести, што човекот не е веќе во состојба да донесува разумни одлуки или да ги разликува вистинските од лажните вредности. На пример, се осмелувам да кажам дека многу филмови и книги во ова време прикажуваат однесување кое не му припаѓа на човечкото достоинство, туку човекот го турка во состојба на инстинктивноста на пониските облици на животот. Затоа најголема потреба на денешниот човек е потребата од промена на духот и мислите. Потребни се луѓе кои би ги застапувале правдата, еднаквоста и несебичноста. Потребни се луѓе со Божји лик, кои единствено Христос може да ги создаде. Би требало повторно да се пресоздаде човекот кој би бил темел на едно здраво општество. Моралната деградација е силен аргумент во прилог на верувањето во скорашен крај на овој свет. Тој знак е истакнат и во пророчките зборови на Библијата (2. Тимотеј 3,1-5).

Ова беа докази за приближување на крајот на светот надвор од библиските откровенија. Што кажува Библијата за второто Христово доаѓање?

## БИБЛИЈАТА
### *за второто Христово доаѓање*

Најмалку половина од пророштвата на Стариот завет, кои зборуваат за Исуса Христа, се однесуваат на неговата слава и на неговото царство. Професорот Муди (Moody) смета дека во Стариот завет постојат околу две илјади алузии на второто Христово доаѓање.

Што се однесува до Новиот завет, некој пресметал дека триста и деветнаесет стихови се посветени на Христовото враќање на овој свет. Тоа е настан кон кој се стреми сè што е запишано во Библијата и без кој сè е бесмислено.

Второто Христово доаѓање е космички настан во кој Бог, кој го спасил човекот преку понижувањето на историскиот Исус, повторно доаѓа во личноста на прославениот Христос. Тој доаѓа да воспостави Божје владеење на оваа земја. Божја желба и желба на неговите свети е да биде „Бог сè и во сè“. Ветувањето што го дал лично Исус Христос за своето второ доаѓање гласи:

„Да не се вознемирува вашето срце! Верувајте во Бога и верувајте во мене! Во домот на мојот Отец има многу станови. Ако не беше така, јас ќе ви кажев. Туку одам да ви приготвам место. А кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам кај себе, за да бидете и вие таму каде што сум јас“ (Јован 14,1-3).

Значи, лично Исус ветил дека повторно ќе се врати. А во неговата уста едно такво ветување вреди стотина пати повеќе од кое било друго пророштво во Библијата.



Второто Христово доаѓање е космички настан.

Меѓутоа, иако знаците и Божјите ветувања сведочат за вистинитоста на Христовото враќање на овој свет, еве, веќе две илјади години сè стои непроменето! Тоа дава повод за



„Знајте го пред сè ова: во последните дни ќе се јават подбивачи...“

сомневање во човечката душа. Првобитниот ентузијазам како да не може веќе да му се противстави на искушението на вековите. Никогаш, ниту едно пророштво не предизвикало толкаво одушевување кај верните, но и ниту толку големо подбивање од страна на неверниците кои велат: „Каде е ветувањето за неговото доаѓање?“ Апостол Петар бил свесен за овој проблем па, инспириран од Светиот Дух, ги запишал следните зборови: „Знајте го пред сè ова: во последните дни ќе се јават подбивачи кои со своето подбивање ќе одат по сопствените похоти и ќе велат: 'Каде е ветувањето за неговото доаѓање? Зашто, откако починаа татковците, сè стои така како што е од почетокот на создавањето.' Кога така сметаат, тие забораваат дека преку Божјиот збор небесата одамна постојат и дека земјата беше создадена од водата и преку водата, преку која тогашниот свет беше потопен со вода, и така беше уништен, а сегашните небеса и земјата, со истиот збор се запазени и се чуваат за оган до денот на судот и погибелта на безбожните луѓе“ (2. Петрово 3,3-7).

Како што нагласивме на почетокот, многу христијани не сакаат веќе буквално да ги толкуваат овие Христови зборови, зашто се чини дека се во спротивност со фактите на реалниот свет. Посматрајќи ги подбивачите на Христовото враќање, апостол Петар заклучува дека истите луѓе се потврда за вистинитоста на пророштвото кое цврсто стои.

Затоа ова пророштво е не само малечка светилка, туку вистински „рефлектор“ на Божјето водство на човечката историја кон нејзиниот осмислен крај.

Многубројните факти на полето на научните пронајдоци, како и проблемите на нашиот свет зборуваат за близината на крајот, кој всушност ќе биде почеток на еден нов живот. Од своја страна, со своите прецизни пророштва Библијата потврдува дека Христос повторно доаѓа. Зошто Христос уште не дошол? Библијата го истакнува фактот дека Бог има свој „календар“ и свој план. Според тој план, оној ден, кога луѓето своите расипани мисли ќе ги здружат со цел за колективно уништување и кога ќе поседуваат средства за тоа општо уништување, Бог ќе интервенира и Христос со своето второ доаѓање ќе го запре токот на човечката историја. Библијата второто Христово доаѓање го нарекува „блажена надеж“ (Тит 2,13). Тоа славно враќање на Царот над царевите навистина ќе биде блажена надеж и за сите оние што спијат во земниот прав, а кои цврсто верувале во Христовите ветувања. Исус доаѓа да ги воскресне своите свети и да им даде плата на безбожниците.

„Зашто сам Господ ќе слезе од небото, на заповед, со глас на архангел и со Божја труба, и мртвите во Христа ќе воскреснат први. Потоа ние живите, кои сме останале, ќе бидеме земени заедно со нив на облаци, за да го сретнеме Господа во воздухот; и така засекогаш ќе бидеме со Господа“ (1. Солуњаните 4,16.17).

Тој славен ден треба да го очекуваме со молитва и со постојано бдеење (Лука 21,36). Еден верен Божји слуга, Кемпел Морган (Kampel Morgan), кажува дека никогаш не ја почнува својата работа без да помисли дека Исус можеби би можел да го прекине и да ја почне својата.

Колку е важно да се чека Христос и да не се занемаруваат јасните Божји опомени за тој ден, ќе се обидеме да го прикажеме со помош на една историска илустрација.

Ова е сторија за вистинската и трагична судбина на античкиот град Помпеја. Една легенда кажува дека помпејците ги создал Херкулес. Традицијата тврди дека темелите на Помпеја ги поставиле жителите на Троја во изгнанство. Античките писатели повремено го спомнуваат тоа име. Иако не ги познаваме почетоците на тој град, ние сепак знаеме дека градот во повеќе наврати бил опседнат со непријателска војска. Овој град едноподруго го заземале жителите на Оска, Етрурци и Самниќани.



Библијата второто Христово доаѓање го нарекува „блажена надеж.“

Во 90-тата година пред Христа градовите на Италија се побуниле против Рим. Помпејците исто така учествувале во овој бунт, барајќи



Од Везув се слевале реки усвитена лава, прекривајќи ги падините.

исти права што ги уживал градот Рим. Сепак, жителите на Рим го совладале бунтот и како казна во овој град поставиле римска војска. Најверојатно Помпеја, поради една таква незгода, станала место за летување на богатите Римјани. Градот имал мошне добра клима. Неговите предимства биле мнугубројни; не бил далеку од Неапол и поседувал пристаниште, што било од огромна важност за трговијата. Осум километри северозападно од Помпеја бил познатиот вулкан Везув. На почетокот на христијанската ера неговите падини биле обработувани сè до пред неговиот врв. Во подножјето се градени раскошни куќи, вили и резиденции. Секако, сите знаеле дека Везув е вулкан. Но не се плашеле од ерупција зашто вулканот со векови бил згаснат. Меѓутоа, на 5 февруари 62 година по Христа, силен земјотрес го потресол ова подрачје. За неколку мига, за дваесет илјади жители на Помпеја животот бил запрен. Везув почнал да црвенее, земјата да се тресе, столбовите да се урваат, покривите да паѓаат, ѕидовите да пукаат!

Неколку седмици подоцна, животот повторно се вратил во нормален ток. Како и порано, луѓето продолжиле со своите радости и задоволства и со својот разуздан живот. Првиот потрес бил знак за повторно будење на Везув!

Седумнаесет години подоцна, во август 79 година од новата ера, животот во овој град течел нормално. Никогаш жетвата не била толку богата. Трговијата напредувала подобро од кога и да е порано и го постигнувала својот максимум. Луѓето велеле: Се збогативме, зашто тоа е единствено вредно во животот! Робовите биле мошне ефтино орудие во рацете на свирепите експлоататори.

Градот Помпеја бил и културен центар на антиката. За културните манифестации постоел театар со пет илјади места, како и сала за концерти со илјада и петстотини места. Постоела и арена за борба на гладијатори и за атлетика, која можела да прими околу дваесет илјади гледачи. Златото и крвта, уметноста и криминалот, правдата и неправдата своите патишта ги вкрстувале во тој римски град. Така било во многу градови на римската империја.

На 24 август, прекрасен летен ден, животот течел мирно. Трговијата цутела и луѓето брзале по своите работи. Наеднаш земјата почнала да трепери, и околу осумнаесет илјади жители веднаш ги оставиле своите домови, настојувајќи да не загубат ниту една единствена минута - ТИЕ СФАТИЛЕ! Меѓутоа, околу две илјади луѓе останале во градот. Се колебале; сакале да го понесат со себе своето богатство и богатството на своите соседи. - Тие умреле како жртви на својата изопачена алчност. Во археолошките ископувања на Помпеја пронајдено е тело на човек кој лежи на улица, држејќи во својата рака неколку златници. Она што убило поголем број од жителите на градот не бил жешкиот пепел, туку чадот од вулканот. Набргу дожд од пепел ги покрил телата на мажите, жените и децата кои избезумени во паника се обидувале да го напуштат градот. Во далечината татнел вулканот од кој се слевале реки усвитена лава, прекривајќи ги падините на Везув. Било премногу доцна за бегање. Најубавите и најголемите куќи не овозможувале засолниште, додека смртоносниот чад насекаде влегувал и задушувал. Цели семејства се фатени во стапицата на сеништето на смртта која пустела над помпејци-



те, не бирајќи ги своите жртви. Кога паднала ноќ, над Помпеја завладеала тишина. Градот го покривала дебела наслојка од пепел. Во далечината сè уште се слушале татнежи од вулканот и од огромните бранови на морето предизвикани од ерупцијата. Еден сведок на оваа трагедија, Плиниј Помладиот, во своето писмо до Тацит пишува дека се слушале пискоти на жени, лелеци и врескања на деца, крикови на мажи - едни со сета сила ги барале своите татковци и мајки, други своите деца и жени. Имало и такви кои од ужас ја повикувале смртта. Мнозина ги подигале рацете кон боговите, пекајќи за помош. Други, помногубројни, сметале дека богови не постојат. - Таа ноќ нека биде вечна и последна на светот! - пишува Плиниј.



Библијата кажува дека еден ден ќе дојде крај на овој свет.

Во градот Помпеја продавниците никогаш веќе не се отвориле, никогаш веќе немало трка во световните работи, ниту културни манифестации, ниту уживање во богатството. Денеска тие продавници и улици се само кобни урнатини.

Пред да падне последната ноќ над помпејците, постоеле знаци кои предупредувале. Меѓутоа, оние што умреле таа ноќ тие знаци не ги сметале за сериозни.

Библијата кажува дека еден ден ќе дојде крај на овој свет. Ќе дојде време кога ќе помине и последната ноќ на овој свет.

Додека одел на оваа земја, Исус Христос постојано ги предупредувал своите следбеници на приближувањето на тој крај. И денеска, додека неговите верни слуги внимаваат на знаците на неговото второ доаѓање, можете да чуете луѓе кои велат: „Да јадеме и да пиеме, зашто утре ќе умреме!“ Ситуацијата ниту малку не е подобра од онаа пред големата ерупција на Везув. Овој безбожен свет го преплавила трка по пари, по чест и слава. Ако веруваме во Христовото ветување за неговото славно враќање, да се тргнеме од духовниот сон и да го дочекаме нашиот Спасител во будна и трезвена состојба.



„А за времето и за часот, браќа, нема потреба да ви се пишува, зашто самите вие добро знаете дека Господовиот ден ќе дојде како крадец ноќе... Но вие, браќа, не сте во темнината та денот да ве затече како крадец, зашто вие сите сте синови на светлината и синови на денот, и не ѝ припаѓаме на ноќта ниту на темнината. И така, да не спиеме како другите, туку да бдееме и да бидеме трезвени. Зашто оние кои спијат, спијат ноќе и оние кои се опиваат, ноќе се опиваат. А ние, кои му припаѓаме на денот, да бидеме трезвени, облечени во оклоп на верата и љубовта, а како шлем, надежта на спасението, зашто Бог не нè определи за гнев, туку да добиеме спасение преку нашиот Господ Исус Христос“ (1. Солуњаните 5,1-2.4-9).

На овој свет еден ден ќе му дојде крајот! Ние секој ден гледаме како се исполнуваат знаците на Христовото доаѓање. Сè уште може да се избегне уништувањето! На нашиот живот еден ден ќе му дојде крај! За нас тоа ќе биде крај на светот! Убеден сум дека Бог нема да дозволи тој настан да нè изненади!

Да внимаваме на опомените и на знаците! Жителите на Помпеја не бдееле ниту внимавале. Тоа го платиле со животот. Ако лекомислено ги сфатиме видливите и очигледните знаци на второто Христово доаѓање, тоа можеме да го платиме со вечниот живот. Да бдееме во молитва за да се удостоиме да застанеме пред Исуса Христа и конечно да бидеме спасени.

Текст: **д-р Радиша Антиќ** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“**, 1001 Скопје | За издавачот: **Михајло Гурев**